# Заедничко известување на националните асоцијации на младински работници

Почитувани,

Со задоволство ве информираме дека денес започнуваме со процес на основање **Европска мрежа на национални асоцијации на младински работници.**

Европската мрежа на национални асоцијации на младински работници ќе се залага за подобро **препознавање, сертификација и валидација** на младинската работа како занимање и професија, и ќе го поддржува **професионалниот развој на младинските работници преку развивање на систематска меѓународна соработка и можности за размена.** Мрежата ќе се стреми да прерасне во еднаков партнер со институциите што носат одлуки на европско ниво, преку активно учество и промовирање на тековните тематски стратегии на Советот на Европа и Европската Унија. Оваа мрежа исто така ќе го поддржи процесот на креирање национални асоцијации на младински работници во земјите каде што не постојат.

За време на третата Европска конвенција за младинска работа, претставниците на националните асоцијации на младински работници ширум Европа имаа можност да се сретнат и да разменат информации за реалноста на младинската работа на национално ниво, по што брзо заклучија дека има заедничка потреба од подобро вмрежување на европско ниво и постои визија за постигнување заеднички глас на младинските работници пред европските институции.

Со оглед на тоа, не можеме да го скриеме задоволството од тоа што препораката за креирање на Европската мрежа на национални асоцијации на младински работници се најде во финалната декларација на третата Европска конвенција за младинска работа, како една од конкретните мерки за препознавање на младинската работа и улогата на младинските работници. Сметаме дека ова е многу значајно бидејќи дискусија за иницијативата за креирање на мрежа составена од национални асоцијации на младински работници од различни земји од Европа започна уште на вториот ден од Конвенцијата.

Во овој момент, 12 национални асоцијации ја поддржуваат оваа изјава за основање формална мрежа во наредните месеци. Посветени сме на пошироко споделување на оваа иницијатива до други заинтересирани национални мрежи на младински работници со цел да ги вклучиме сите релевантни чинители на национално ниво. Нашиот план е во текот на првите месеци од наредната година да ја дефинираме структурата на мрежата и да развиеме акциски план за наредните чекори.

Се надеваме дека ќе ја поддржите оваа иницијатива, бидејќи само заедно ќе можеме да ја осигураме успешната имплементација на процесот од Бон. Ова е нашиот прв чекор во таа насока, па ајде да го спроведеме во реалност.

Потписници на иницијативата:

1. Чешката асоцијација за младинска работа на отворено
2. Естонска асоцијација на младински работници
3. Грчката асоцијација на младински работници
4. Малтешката асоцијација на младински работници
5. Национална асоцијација на младински работници во Србија – NAPOR
6. Национална асоцијација на професионални младински работници во Холандија – BVJong
7. Национална асоцијација на информални и неформални едукативни асоцијации од Италија - NINFEA
8. Португалска асоцијација на младински работници – APPJuventude
9. **Сојуз за младинска работа – Македонија**
10. Асоцијација на младински работници на Грузија
11. Асоцијација на младински работници на Литванија
12. Асоцијација на младински работници на Украина